Број 105 Јуни 2021

# S-WORK






# НАЈВИСОКИОТ ШПАНСКИ СУД ДОЗВОЛИ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ДА ОСНОВААТ СИНДИКАТ

*Шпанските сексуални работници имаат право да формираат свој синдикат - пресуди Врховниот суд во средата, поништувајќи ја претходната судска одлука со која се наложува укинување на првата ваква шпанска организација за труд.*

Познат како ОТРАС, или „Организација на сексуални работници“, Синдикатот беше дискретно основан во август 2018 година, но беше затворен три месеци подоцна по наредба на Националниот суд по жалбата на Владата на социјалистичкиот премиер Педро Санчез.

По поднесената жалба, на Меѓународниот ден на сексуалните работници на 02.06.2021 година, Врховниот суд пресуди во корист на ОТРАС, велејќи дека неговиот Статут, што беше правно побиван е „во согласност со законот“ и  дека сексуалните работници „имаат основно право на слобода на здружување и право на формирање синдикат“.

Кога беше основана, ОТРАС доби зелено светло од Министерството за труд и неговиот Статут беше јавно запишан во Службениот весник само еден ден пред Владата на Шпанија да замине на летен одмор.

Но, три недели подоцна, Владата, која се декларира како „феминистичка и тежнее кон укинување на проституцијата“ започна со законски потези против оваа организација.

Во Шпанија, проституцијата не е ниту легална, нити нелегална, но се толерира. Иако не се признати како регуларни работни места, има голем број лиценцирани бордели низ целата земја кои без проблем функционираат.

Групите за женски права и креаторите на политики веќе подолго време се поделени околу тоа дали треба да се легализира сексуалната работа во земјата. Оние кои се на спортивната страна сметаат дека нејзината легализација ќе донесе профитабилен и широко распространет бизнис, кој често се случува на штета на жените.

Конча Борел, генерален секретар на ОТРАС - чии членови вклучуваат мажи и жени кои се занимаваат со платена сексуална работа - ја критикуваше Владата за „криење зад завесата на белиот, хетеросексуалниот и буржоаскиот феминизам, додека игнорирањето на барањата работнички права за осиромашената и стигматизирана група сексуални работници  е сурово и грозно“.





# СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ХОЛАНДИЈА СЕ ВРАЌААТ НА РАБОТА

Сексуалните работници оваа недела ќе се вратат на работа во Холандија по ублажувањето на мерките против КОВИД-19, рече во понеделникот Министерот за здравство Уго де Јонг.

Сексуалната работа е легална во Холандија, но Владата ја забрани во средината на декември, поради ограничувања наметнати поради ширењето на коронавирусот.

Сексуалните работници протестираа во Амстердам во март, велејќи дека тие биле дискриминирани бидејќи властите дозволиле повторно отворање на други бизниси каде постои близок контакт со луѓе вклучително и фризери и масери.

„Протестирам затоа што сексуалните работниците се дискриминирани. Можете да одите на фризер или да одите на масажа, но не можете да користите сексуална услуга“, тогаш изјави сексуалната работничка и кандидат на парламентарните избори во март, Ивет Лурс.

„Јас сум садо-мазо господарка. Воопшто не ми е проблем да го задржам растојанието од 1,5 метар. Јас можам клиентите да ги заклучам во кафез, да ги „мачам на далечина“, можам да ги врзам на лисици или ланец,  дури можам да им наложам “КОВИД правила”. Сè е можно, имам многу долг камшик” - изјави една сексуална работничка од Ротердам на тогашниот протест, која се претстави како принцезата Патриша.

За време на карантинот, Владата на Холандија им понуди ограничена финансиска поддршка на сексуалните работнички кои имаа валиден договор за работа и можеа да докажат дека пандемијата ги чинела најмалку 20% од нивните приходи.






# Се одбележа 2-ри јуни - МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Меѓународниот ден на сексуалните работници се одбележува секоја година на 2-ри јуни во Европа и низ целиот свет.  Овој ден се смета за симболично раѓање на активистичкото движење на сексуалните работници во борбата за почитување на нивните права.




Како повод за одбележување на овој ден претставува акцијата во 1975 година, кога на 2-ри јуни се собрале околу 100 сексуални работници кои ја окупирале црквата Св. Низиер во Лион, Франција, со цел да го изразат својот револт за дискриминаторските и експлоататорски услови во кои живеат и работат. На 10-ти јуни, во 5 часот, црквата била брутално нападната од страна на полицијата. Оваа нивна протестна акција претставува почеток на меѓународното движење на сексуалните работници кои се залагаат за своите права.

СТАР - Првиот колектив на сексуалните работници на Балканот, како и секоја година се приклучува кон одбележувањето на овој значаен меѓународен ден за сексуалните работници. Оваа година заедно со Здружението ХОПС - Опции за здрав живот Скопје и Коалицијата Маргини се организираше настан по овој повод.



Овој настан, „Црвениот фустан добро ми прилега“, има цел да испрати силни пораки од страна на сексуалните работници до јавноста, преку црвената боја која е симбол на страст и љубов чии лик се преточува во самодоверба и борба за подобро утре. На настанот ќе бидат прикажани црвени фустани кои сексуалните работници со гордост и достоинство ги носат, покажувајќи дека изборот на нивната работа е лична одлука.

Сите присутни на настанот, сексуалните работници, активистите, блиските од семејствата на сексуалните работници, пријателите, партнер(к)ите, ќе имаат можност да дадат силна поддршка за остварување на нивните работнички, здравствени и социјални права.

Настанот се одржува во Градскиот парк во Скопје, наспроти дискотеките и паркот за кучиња, од 10-18 часот.

Дополнително, СТАР се приклучи на кампањата „Европа ги заборави човековите права на сексуалните работници мигранти“, покрената од Меѓународната мрежа за промоција на правата на сексуалните работници – мигранти, ТАМПЕП, со потпишување на нивната прва декларација и потпишување на петиција како прва фаза од започнувањето промена.




# Факти за сексуалната работа во ВЕЛИКА БРИТАНИЈА



• Од приближно 72,800 сексуални работници во Велика Британија, 88% се жени.

• Повеќето сексуални работници се мајки кои работат да издржуваат семејства.

• 74% од сексуалните работници кои работат од дома ја истакнале потребата да плаќаат трошоци за домаќинството и да ги издржуваат своите деца како причина за занимавање со сексуална работа.

• Повеќе од 70% од сексуалните работници во Велика Британија претходно работеле во здравствена заштита, образование или невладиниот сектор.

• Сексуалната работа се зголемува еднакво пропорционално со сиромаштијата.

• Повеќето сексуални работници не се дел од трговијата со луѓе, ниту пак се дрогираат.

• Просечната возраст на започнување со сексуална работа е 19 години за сексуални работници на отворена сцена и 23 години за сексуални работници на затворена сцена.

• Жените сексуални работнички повеќе се соочуваат со кривични и граѓански пријави.

• Сексуалните работници се соочуваат со многу насилство, но криминализацијата само го зголемува ризикот од насилство.

• Полицијата профитира од рации, апсења и осудувања за проституција.

• Насилството од полицијата е значаен проблем за сексуалните работници.

• Криминализацијата го поткопува здравјето - стигмата поврзана со сексуалната работа спречува сексуални работници да добијат соодветна здравствена заштита.

• Декриминализацијата е поддржана од престижни организации, како што се Амнести Интернешнл, Светската здравствена организација, Заедничка програма на Обединетите нации за ХИВ/СИДА и Глобалниот сојуз против трговија со жени.

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.